POPOVA KULA WINERY

Винарска Визба Попова Кула
АД Демир Капија
Булевар на виното бр.1, Демир Капија
Тел/Факс 043 367 400; 02 3216 716 www.popovakula.com.mk
MK4019006111464 ж.с/ка: Шпаркасе Банка 250-0000001999-31

Друштво за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД
Бр. 02-97
07.09 2021 год.
ДЕМИР КАПИЈА

Демир Капија, 11.08.2021 година

Јас, Андријана Симовска, со ЕМБГ 1702984488031, вработена во ВВ Попова Кула АД, избрана за записничар на редовното годишно собрание на акционери на ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ ВИНАРСКА ВИЗБА ПОПОВА КУЛА АД ДЕМИР КАПИЈА, со ЕМБС 6100937 и ЕДБ МК4019006111464, седиште ул. Булевар на виното бр. 1 Демир Капија, со почеток во 10 часот на 11 август 2021 година во просториите на друштвото, го срочив следниот ------------------------------------------------------------------------------------------------

**---------------ЗАПИСНИК ЗА ТЕКОТ НА СЕДНИЦАТА НА СОБРАНИЕТО------------------**
**----НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ВИНАРСКА ВИЗБА ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија----**

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на извршениот директор со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет ЈОРДАН ТРАЈКОВ од Демир Капија, со стан на живеење на ул. Партизанска бр. 7 Демир Капија, идентитет утврден во тековната состојба на Дрштвото и лична карта број А1643033 издадена од МВР Неготино на ден 08.02.2013 година и ЕМБГ 0202969483000 ми беа предочени следните исправи кои се составен дел од овој записник:-----
Тековна состојба издадена од Централен Регистар на Р. С. Македонија под број 0805-50/155020210066599 од 10.08.2021 година.-----------------------------------------------------------
Јавен повик објавен во дневниот весник Нова Македонија за учество на редовното годишно собрание на акционери на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија, Булевар на виното бр. 1 Демир Капија, што ќе се одржи на 11.08.2021 година (среда), со почеток во 10 часот во Демир Капија, простории на ВВ Попова Кула АД, со утврден дневен ред.-------------
Статут на Друштвото за производство и промет Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија (пречистен текст), од кој утврдив дека Друштвото има 2.700.000 обични акции и номинална вредност на акциите е 1Евро по курс од 61,50 денари од кое утврдив дека Собранието може да работи односно има кворум за работа ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мозинство од вкупниот број на акционери со право на глас.--------------------------------------------------------------------------
Акционерска книга на Друштвото со дата 10.08.2021 година 12:00:37, издадена од Централен Депозитар за хартии од вредност АД Скопје кое се води под ИСИН: MKPOPK101014, од кое утврдив дека издавачот Друштвото за производство и промет Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија издало акции и тоа: Вид: обични акции; Номинална вредност по ХВ 61,50 МКД; Вкупен број на ХВ 2.700.000; Вкупен номминален капитал 166050000МКД; Број на гласови 2.700.000; Состојба активен; Број на иматели756; Број на сопственички позиции 757; Назив на емисијата: Попова Кула Обични;-------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата започна во 10 часот и 03 минути со тоа што актуелниот претседавач Тихомир Мукаетов го прочита процедуралниот дел од дневниот ред на ова Собрание:--------------------
1. Отворање на Собранието;--------------------------------------------------------------------------------
2. Избор на работни тела:-----------------------------------------------------------------------------------
2.1. Избор на претседавач на собранието на Друштвото.---------------------------------------------
2.2. Избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот ------------------------------------------
2.3. Избор на верификациона комисија-------------------------------------------------------------------.
2.4. Верификација на списокот на присутни акционери / полномошници и утврдување на кворум за работа и одлучување ---------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1. Отварање на собранието**--------------------------------------------------------------------------------
Тихомир Мукаетов објави дека го отвара собраниеото и посака успешна работа.-----------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.1. Избор на претседавач на собранието на Друштвото**------------------------------------------
За претседавач беше предложен Тихомир Мукаетов. Се пристапи кон гласање, за изборот на Тихомир Мукаетов за претседавач гласаа „ЗА" сите 8(осум) присутни акционери, против нема, воздржани нема. Со тоа едногласно за претседавач е избран Тихомир Мукаетов.---------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.2. Избор на записничар и двајца заверувачи на Записникот**------------------------------------
За записничар предложена е Андријана Симовска (вработена во Друштвото) а за заверувачи 1.Стево Ѓошев и 2.Златко Данев. Сите тројца беа едногласно избрани од 8(осум) присутни акционери, против нема, воздржани нема.---------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.3. Избор на верификациона комисија**------------------------------------------------------------------
За членови на верификациона комисија предложени беа 1. Климе Бабунски и 2. Стево Ѓошев кои беа едногласно избрани од 8(осум) присутни акционери, против нема, воздржани нема.--
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**2.4. Верификација на списокот на присутни акционери / полномошници и утврдување на кворум за работа и одлучување**----------------------------------------------------------------------
Верификационата комисија од пријавите на присутните акционери на седницата кои се во прилог на овој записник, утврди дека на седницата се присутни вкупно 8 (осум) акционери, со вкупно 1.509.925 акции со право на глас и тоа: 1. **ГРИГОРИ ПОПОВСКИ** од Скопје, ул. Анкарска 23 24, Карпош, со ЕМБГ 0204952450063 во својство на акционер сопственик на 88603 (осумдесетиосумилјадишестотиниитри) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 2**. КЛИМЕ БАБУНСКИ** од Скопје, ул. 8-Март бр.13-27 Скопје, со ЕМБГ 1301958450013 во својство на акционер сопственик на 15730 (петнаесетилјадиседумстотиниитриесет) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 3. **ТИХОМИР МУКАЕТОВ** од Скопје, БУЛ. СВ. К. ОХРИДСКИ 13 - 1 / 3, СКОПЈЕ-ЦЕНТАР, со ЕМБГ 2502946450033 во својство на акционер сопственик на 2160 (двеилјадистоишеесет) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 4. **СТЕВО ЃОШЕВ** од Гевгелија, ул. СЕРМЕНИНСКА 70, Гевгелија, со ЕМБГ 3110973482042 во својство на акционер сопственик на 5270 (петилјадидвестеиседумдесет) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 5. **ЗЛАТКО ДАНЕВ** од Кавадарци, ул. Прилепска бр. 28, Кавадарци, со ЕМБГ 1410969483006 во својство на акционер сопственик на 2433 (двеилјадичетиристотинитриесетитри) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 6. **ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО ПРОМЕТ И КОНСАЛТИНГ "ИНТЕКО" ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ Скопје**, со седиште на ул. Даме Груев бр. 5-7/14 Скопје, со ЕМБС 5781795, со ЕДБ 4030003484689, Управител Гордана Трајкова во својство на акционер сопственик на 1365576 (еденмилионтристашеесетипетилјадипетстотиниседумдесетишест) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 7. **ГОРДАНА ТРАЈКОВА** од Скопје, ул. ЊУДЕЛХИСКА 4 - 3 / 9, СКОПЈЕ, со ЕМБГ 1005974488006 во својство на акционер сопственик на 30000 (триесетилјади) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија; 8. **ЈОРДАН ТРАЈКОВ** од Демир Капија, ул. Партизанска бр. 7 Демир Капија, ЕМБГ 0202969483000 во својство на акционер сопственик на 153 (стопедесетитри) обични акции на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија. Верификационата комисија утврди

Булевар на виното бр.1, Демир Капија
Тел/Факс 043 367 400; 02 3216 716 www.popovakula.com.mk
МК4019006111464 ж.с/ка: Шпаркасе Банка 250-0000001999-31


дека во моментот на акционерското собрание има акционери со 1.509.925 гласа или во проценти 55,92% (педесетипетзапиркадеведесетидва) проценти. Претседавачот на собранието констатира дека има кворум за работа и за полноважно одлучување.------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот ја продолжи седницата и побара дали има некој да дискутира по предложениот дневен ред – работен дел.-------------------------------------------------------------------
Се јави за збор Јордан Трајков кој кажа дека Друштвото има добиено навремено и согласно со закон предлог две точки од друг акционер Тодор Черепналковски кој нажалост не е присутен на Собранието. Една точка по која бара да се расправа на Собранието е во однос на Извештајот за работењето на Одборот на директори – тој бара да биде вметната точка. И второ бара да се направи петогодишен или барем годишен план за работењето на Друштвото. Јордан Трајков коментираше дека во однос на првиот предлог има веќе таква точка во предложениот дневен ред и дека ќе се дискутира работењето на одборот на директори. По однос на втората предложена точка Јордан Трајков коментираше дека акционерско собрание не може да врши планирање туку може само да расправа евентуално за одлука да одборот на директори се зафати со планирање, дека во годишниот извештај за работењето на Друштвото таа точка е опфатена и дека Одборот на Директори веќе врши планирање. Јордан Трајков предложи да се продолжи кон гласање по однос на овие предлог точки. Се јави за збор Григори Поповски, претседател на одборот на директори, кој кажа дека во однос на првата предлог точка таква точка веќе има во дневниот ред, тоа е точка број шест - Извештај за работата на одборот на директори за 2020 година. Кажа дека гласањето по предлог точка што веќе ја има е безпредметно и не треба да се гласа за оваа точка. Во однос на втората предлог точка Григори Поповски посочи дека одборот на директори редовно, секоја година прави стратешко планирање за работењето на Друштвото и тоа е работа и обврска на одборот на директори, а не е работа на акционерското собрание. Одборот со извештаите што ги поднесува на акционерските собранија дава извештај што било планирано и што било реализирано. За збор се јави и Климе Бабунски (член на одборото на директори) кој кажа дека се согласува со сè до сега кажано. Со оглед на состојбата во Друштвото, согледувајќи ги и ревизорските извештаи тој информираше дека одборот ќе го продолжи веќе започнатиот состанок за планирање во 2021 година и дека ќе има и конкретен план. Со ова дискусијата по предлогот на Тодор Черепналковски заврши и се пристапи кон гласање. Дневниот ред како што беше предложен од страна на Друштвото беше едногласно усвоен или со број на гласови од 1.509.925.------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 1 (еден): Усвојување на записникот од собранието на акционери на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија одржано на 21.09.2021 година:---------------------------**

Предлог олука за усвојување-----------------------------------------------------------------------------
Се отвори дискусија и бидејќи никој не бара збор се затвори дискусијата. Потоа се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.509.925 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.509.925 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.---------------------------
Врз основа на вака спроведената постапка за гласање и соопштените резултати од гласањето, Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:--------------------------------------------------------------------------

**-------------------------------------------------О Д Л У К А ------------------------------------------------**

**СЕ УСВОЈУВА Записникот од акционерското собрание одржано на 21.09.2020 година---**
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 2 (два): Разгледување на годишен извештај за работењето на друштвото за 2020 година.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

Предлог олука за усвојување---------------------------------------------------------------------------------------

Се отвори дискусија. Се јави Јордан Трајков за збор кој кажа дека годишниот извештај за работењето на друштвото е составен дел од материјалите за собрание и тој има само да каже дека 2020 година беше исклучително тешка за Друштвото затоа што поради ковид пандемијата биле затворени, не работеле воглавно во текот на целата година, фиксните трошоци си течеле и дека Друштвото со огромни потешкотии ја издржа 2020 година. На жалост од Владата Друштвото нема добиено адекватна помош, иако со нивни одлуки делот на туризмот бил затворен, под изговор дека приоритна дејност на Друштвото е производство на вино од грозје а не е ресторан или хотел. Јордан Трајков изјави и дека е добро што сѐ уште постои Друштвото. Инаку во однос на планирањето, истакна дека секогаш во периоди кога треба да се планира на ниво на одбор на директори планирале и ги погодувале работите. На пример во 2013 година со стратешко планирање е одлучено да се оди повеќе кон туризам, инвестирано е во 22 хотелски соби и се покажало дека тоа била правилна насока. Понатаму посочи дека низ годините одборот го тера тој процес на планирање и врз основа на тој процес тој како извршен директор и колегите на работа работат строго по плановите направени на ниво на одбор на директори. И 2021 година одборот има отпочнато со планирање, меѓутоа поради ковид пандемијата не се во можност да согледаат како ќе биде нанапред така што планирањето е тешко и тој процес на планирање одборот го води постепено, за да се отвори видик пред нив што ќе се случува со пандемијата за да знаат што да преземаат за во иднина. Борба е за опстанок на фирмата и понатаму. Минатата година (2020) благодарејќи на една голема зделка што е склучена направена е голема количина на наливно вино за еден купувач и всушност тоа му овозможило на Друштвото да преживее. Целото грозје на Попова Кула и плус грозје од нивна фирма е откупено, преработено во наливно вино и тоа е продадено. Меѓутоа бидејќи се вршени авансни уплати во 2020 година таа продажба не се гледа во годишниот извештај и финансиски резултати за 2020 година. Веќе во 2021 година таа фактура е реализирана и приходите ќе се гледаат во 2021 година. Друг не се јави за збор. Се затвори дискусијата. Потоа се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.509.925 гласа „ЗА“ гласале вкупно 1.509.925 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема, „ПРОТИВ“ нема.---------------------------------------------

Врз основа на вака спроведената постапка за гласање и соопштените резултати од гласањето, Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:------------------------------------------------------------------------------

**-------------------------------------------------О Д Л У К А ------------------------------------------------**

**Се усвојува Годишниот извештај за работење на друштвото за 2020 година-----------------**

**-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**Точка 3 (три): Разгледување на годишна сметка за 2020 година и на ревидирани финансиски извештаи за 2020 година.---------------------------------------------------------------**

**По однос на првата алинеа:** се стави точка на разгледување. За дискусија не се јави никој. Се заклучи дискусијата и се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.509.925 гласа „ЗА“ гласале вкупно 1.509.925 гласа, „ВОЗДРЖАНИ“ нема, „ПРОТИВ“ нема.---------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:----------------------------------------------------------------------------

**-------------------------------------------------О Д Л У К А ------------------------------------------------**

Булевар на виното бр.1,   Демир Капија
Тел/Факс 043 367 400; 02 3216 716  www.popovakula.com.mk
МК4019006111464  ж.с/ка: Шпаркасе Банка 250-0000001999-31

**Се усвојува Годишната сметка за 2020 година**, на ВВ Попова Кула АД Демир Капија со следниот остварен финансиски резултат од работењето: Остварени приходи 22.918.398 ден.; Остварени расходи 33.191.960 ден.; Остварена загуба пред оданочување 10.273.562 ден.; Данок од добивка 0 ден.; Остварена загуба по оданочување   10.273.562 ден.--------------------

По однос на втората алинеа Предлог одлука за ревидирани финансиски извештаи--------------

Се стави точката на разгледување. Се заклучи дискусијата и се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.509.925 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.509.925 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.--------------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:--------------------------------------------------------------------------

**--------------------------------------------О Д Л У К А --------------------------------------------**

**Се усвојува Одлуката за усвојување на ревидирани финансиски извештаи за 2020 година.**----------------------------------------------------------------------------------------------------

Се усвојуваат финансиските извештаи за работење во 2020 г. ревидирани од Друштво за ревизија  ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА И  КОНСАЛТИНГ ДОО од Радовиш.------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 4 (четири): Разгледување на консолидирана годишна сметка за 2020 година и на ревидирани консолидирани финансиски извештаи на друштвото за 2020 година----------**

**По однос на првата алинеа:** се стави точка на разгледување. За дискусија не се јави никој. Се заклучи дискусијата и се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.509.925 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.509.925 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.---------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:--------------------------------------------------------------------------

**--------------------------------------------О Д Л У К А --------------------------------------------**

**Се усвојува Консолидираната годишната сметка за 2020 година** на Попова Кула АД Демир Капија со следниот остварен финансиски резултат од работењето: Остварени приходи 23.328.439 ден.; Остварени расходи 34.765.686 ден.; Остварена загуба пред оданочување - 11.437.247 ден.; Данок од добивка  0 ден.; Загуба за годината - 11.437.247 ден.; Останата добивка  0 ден.; Неконтролирано учество  - 26.145 ден.; Сеопфатна загуба која има припаѓа на имателите на акции        -11.411.102 ден.------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**По однос на втората алинеа**: Предлог одлука за ревидирани консолидирани финансиски извештаи за 2020 год.---------------------------------------------------------------------------------------

Се стави точката на разгледување. Се заклучи дискусијата и се пристапи кон гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.509.925 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.509.925 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.--------------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:--------------------------------------------------------------------------

**--------------------------------------------О Д Л У К А --------------------------------------------**

**Се усвојуваат консолидираните финансиски извештаи за работење во 2020 г. ревидирани од  Друштво за ревизија ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА И  КОНСАЛТИНГ ДОО од Радовиш.**----------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 5 (пет): Покривање на загубата на друштвото за 2020 година.**---------------------------

Се стави точката на разгледување. Никој не се јави за брор и дискусијата се заклучи. Се пристапи на гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.509.925 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.509.925 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.-----------
Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------**О Д Л У К А** ----------------------------------------------

**Се усвојува одлуката покривањето на загубата до 31.12.2020 год. ќе се врши од акумулирана добивка.**----------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 6 (шест): Извештај за работата на одборот на директори за 2020 година.**------------
Се стави точката на рзгледување. Григори Поповски, претседател на одборот на директори го презентираше извештајот за работењето на одборот на директори за 2020 година. Истакна дека одборот работел со редовна динамика цела година. Потоа се надоврза на барањето на акцинерот Тодор Черепналковски во однос на изготвување на годишни или петогодишни планови. Потенцираше дека одборот постојано и успешно планира и ги спроведува донесените планови. И токму решенијата што се носат довеле Друштвото да не падне во уште потешка состојба. Тоа го поткрепи со фактот дека друштвото е формирано со идеја за производство и пласман на вино, но токму со стратешкото планирање се покажало дека туризмот е попрофитабилен дел и затоа друштвото е преориентирано кон туризмот. Токму тоа му овозможило на друштвото и да преживее. Григори Поповски праша дали има потреба од читање на извештајот, меѓутоа немаше вакво барање. И повторно нагласи дека во овој извештај е опфатено барањето на г-дин Черепналковски. Потоа се јави за збор Климе Бабунски, кој кажа дека одборот има тешка задача во однос на одлуките кои ги носи поради тешката состојба во која живееме. Исто така, тој посочи дека иако се согласува со формата и содржината на овој презентиран извештај за работењето на одборот на директори, можеби е добро за во иднина да се прифати сугестијата на Ивона Колева, член на одборот на директори која што не е присутна, но ја искажала на некој од претходните состаноци на одборот, во идина да се дополни извештајот за работењето на одборот со поединечни извештаи за работењето на секој од членовите во одборот, во смисла: број на одржани состаноци; број на присуства на членот; допринос на членот на одборот на директори и слично. Григори Поповски рече дека забелешката е прифатлива и во иднина ќе се потруди да изготувуваат вака дополнет извештај. Прашања нема. Се заклучи дискусијата и се премина на гласање, при што присутните јавно со кревање на рака пристапија кон поединечно разгледување на работата на членовите на одборот на директори:-----------------------------------
За Јордан Трајков од вкупните 1.509.925 „ЗА" гласале 1.509.772 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" еден, односно 153 гласа „ПРОТИВ" нема.--------------------------------------------------------------------
За Григори Поповски од вкупните 1.509.925 „ЗА" гласале 1.421.322 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" еден, односно 88.603 гласа „ПРОТИВ" нема.----------------------------------------------------------
За Ивона Колева од вкупните 1.509.925 „ЗА" гласале 1.509.925 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.-------------------------------------------------------------------------------------------
За Златко Данев од вкупните 1.509.925 „ЗА" гласале 1.507.492 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" еден, односно 2.433 гласа „ПРОТИВ" нема.------------------------------------------------------------------
За Климе Бабунски од вкупните 1.509.925 „ЗА" гласале 1.494.195 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" еден, односно 15.730 гласа „ПРОТИВ" нема.--------------------------------------------------------
Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната: ---------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------**О Д Л У К А** -------------------------------------------------

**Се усвојува одлуката за одобрување на работата на Одборот на директори**------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 7 (седум): Назначување на овластен ревизор на финансиските извештаи на друштвото за 2021 година.**------------------------------------------------------------------------------

Се јави за дискусија извршниот директор Јордан Трајков кој кажа дека побарани се понуди за ревизија од сите друштва за ревизија регистрирани во Институтот на овластени ревизори. Добиени се само 3 понуди и тоа од: Перк Ревизија Прилеп, Идеја Плус ревизија и консалтинг Радовиш и Елит од Скопје. Ниту една од овие фирми не е дел од големите четири друштва за ревизија. Елит има цена од 80.000 денари, Идеја плус 3.000 евра и Перк ревизија 3.500 евра. Компаративни се по квалитет сите три ревизорски куќи. Додаде дека на состанок на одбор на директори кој се одржал во понеделникот пред оваа седница одборот донел одлука да се препорача прифаќање на најевтината понуда, а тоа е Елит друштво за ревизија, процена и финансиски консалтинг Скопје. Се заклучи дискусијата и се пристапи на гласање, при што присутните јавно со кревање на рака од вкупните 1.509.925 гласа „ЗА" гласале вкупно 1.509.925 гласа, „ВОЗДРЖАНИ" нема, „ПРОТИВ" нема.-------------------------------------------------------------------

Претседавачот со Собранието на ВВ Попова Кула АД Демир Капија, констатираше дека Собранието ја донесе следната:------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------------------**О Д Л У К А** -------------------------------------------------

**За вршење на ревизија на Годишна сметка за 2021 год. се избира Елит друштво за ревизија, процена и финансиски консалтинг Скопје.**--------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако претседавачот констатираше дека со ова во целост се исцрпени точките од дневниот ред, собранието заврши во 11,15 часот.----------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој записник го составив лично јас Андријана Симовска и е заверен од двајцата заверувачи 1. Стево Ѓошев и 2. Златко Данев, дека му го прочитав на Претседавачот со собранието Тихомир Мукаетов кој е запознаен со содржината на овој записник и во целост одговара на дејствијата кои се случувале на собранието на акционери на Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, одржано на ден 11.08.2021 година.-------------------
Овој записник е во седум страници и се чува во архивата на ВВ Попова Кула АД Демир Капија.--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Демир Капија, 11.08.2021

**Претседавач: Тихомир Мукаетов** ____________________

**Записничар: Андријана Симовска** ____________________

**Заверувачи на записникот:**

1) **Стево Ѓошев** ____________________ Стево Ѓошев

2) **Златко Данев** ____________________